ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Тел.: 02 3289 034
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Број: 10-15214/3
02.10.2014 година
Скопје

До
**Фонд за здравствено осигурување на Македонија**
**Подрачна служба____________________________**

**Предмет:** Обезбедување на дијализа на осигурени лица од држави со која Република Македонија има склучено (преземено) Договор за социјално осигурување

**Почитувани,**

Ве информираме за можноста осигурените лица од држави со кои Република Македонија има склучено (преземено) Договор за социјално осигурување да користат хемодијализа во Центрите за дијализа во Република Македонија, на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

По укажувањето на дијализните центри за да се усогласи постапката за користење на хемодијализа сакаме уште еднаш да посочиме за следното:

1. Хемодијализа на товар на ФЗОМ можат да користат странски осигурени лица од држави и на основа **на двојазични обрасци** подолу наведени:
    - Австрија, А/МК 3-А,
    - Чешка, ЦЗ/РМ 112,
    - Луксембург, Л/РМ 112,
    - Италија, Ит-8,
    - Германија, РМ/Д 112 или Е112
    - Хрватска ХР/РМ 9 и
    - Црна Гора, МНЕ/РМ 112.

2. Хемодијализа на товар на ФЗОМ можат да користат осигурени лица од горе наведените држави и на основа на **"Потврда за право на здравствена заштита на странски осигуреник и/или на членовите на неговото семејство"** издадена од ПС на ФЗОМ, **само доколку во Потврдата е посочено дека е извршена замена на еден од наведените двојазични обрасци.**

3. Осигурените лица од наведените држави, доколку не го поседуваат наведениот двојазичен образец или доколку во Потврдата издадена од ПС на ФЗОМ не стои дека е извршена замена на еден од наведените двојазични обрасци, дијализните центри ги третираат како приватни пациенти.

4. Осигурените лица на државите со кои ФЗОМ има потпишано Договор за користење на Европска картичка за здравствено осигурување (ЕНІС), **не можат да користат на основа на ЕНІС хемодијализа на товар на ФЗОМ односно да не се бара ЕНІС при фактурирањето од дијализните центри.**

Со почит,

Директор,
М-р Маја Парнарџиева - Змејкова

Директор,
Џемали Мехази
Xhemali Mehazi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
3
СКОПЈЕ

**Изготвил:** Зиза Ислами
**Согласен:** Вулнет Мурсели

Испратено на - 9 -10- 2014 20 год.
Потпис